| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Патот на четирите годишни времиња |
| **Содржина на денот** | Четири дела-година цела |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Спасова Весна |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема – како треба да се грижиме за сопственото здрвје во секое годишно време. |
| **Активности** | Иако децата на оваа возраст се мали,тие сепак покажуваат интерес кон најразлични активности преку кои можат да ги збогатат своите сознанија и искуства за природата и опкружувањето. Тие учат спонтано и преку игра.<br>Затоа за тема на денешната активност може да одберете да ги запознаете со промените на природата во годишните времиња. За оваа активност ви се потребни креативни материјали. Од голем картон исечете круг, поделете го на четири дела и обојте го со различни бои. Секоја боја треба да го преставува годишното време. Исечете од колаж хартија или нацртајте мали сликички со мотиви карактеристични за различните годишни времиња. На пример: лале, пеперутка... -пролет; сонце, лубеница... -лето, жолт лист, дожд... -есен; снегулка, снешко... -зима. Заедно со децата играјте ја играта. Именувајте ги боите и објаснете им дека секоја боја го преставува одреденото годишно време. Користете ги сликичките кои предходно ги направивте,именувајте ги,објаснете што преставуваат,на кое годишно време асоцираат. Секоја апликација ставете ја на соодветното годишно време во кругот. Играта е многу интересна и може да ја играте почесто со Вашите деца. Децата истовремено ќе се запознаат со различни поими, природни појави, годишни времиња, бои. |